Nova Makedonija 29.05.2014
Stranica/Page: 5 1/1

„НОВА МАКЕДОНИЈА“ ВО ЕДЕН ОД НАЈПРЕСТИЖНИТЕ УНИВЕРЗИТЕТИ ВО СВЕТОТ

# На „Шефилд сити колеџ“ во Солун студираат 90 Македонци

Марта Таневска

Професионален однос, мирна академска атмосфера, тимска работа и студенти што бараат материјали за истражувања од библиотеката со 8.000 книги е првата слика што ви паѓа в очи кога ќе влезете во „Шефилд сити колеџ“ во Солун. Низ ходниците може да се забележат студенти од секаде, најмногу од балканските земји, а таблоата по ѕидовите се преполни со нивните успешни проекти, награди, резултати од испити. Според професорите на колеџот, истражувањето на пазарот, работата на проекти што се имплементираат во општеството, насочувањето на студентите и практиката во компании во Европа се дел од практиките на „Шефилд сити колеџ“ поради кои студентите по завршувањето лесно наоѓаат работа. Според одговорните на колеџот, кој е дел од универзитет „Шефилд“ во Велика Британија, најважно за еден студент да биде 100 отсто сигурен дека ќе најде работа по студирањето е примената на теоријата во проекти за општеството и истражувачка работа. На „Шефилд сити колеџ“ во моментов има 90 македонски студенти, а досега дипломирале над 800 Македонци. На колеџот се развиени четири академски оддели: бизнис со администрација и економија, психологија, компјутерски науки и студии по англиски јазик.

## Меѓу највисокорангираните универзитети

Прогласен за „универзитет на годината 2011-2012“ од „Тајмс хајер едукејшн“, универзитетот „Шефилд“ им припаѓа на еден отсто од најдобрите универзитети во светот. Како дел од својот професорски кадар има пет добитници на Нобелова награда во различни полиња. Универзитетот „Шефилд“ има шест академски факултети, пет факултети се наоѓаат во Велика Британија, а „Сити колеџ“ во Солун е шестиот. Со примена на иновативни методи во предавањата и имплементација на теоријата во практика, универзитетот им овозможува на студентите практични знаења што ќе ги подготват за успешно кариерно искачување и развивање исклучителни академски и индивидуални вредности.

### ИСТРАЖУВАЊА И ПРОЕКТИ

Студентите на колеџот во Солун велат дека тоа што им се допаѓа се приодот на професорите и начинот на предавањата, кој е доста интерактивен и со постојано вклучување на студентите.

- За секој научен труд што треба да го подготвиме правиме истражување и не смееме во никој случај да препишеме или да копираме нешто од Интернет. Се наведуваат извори, се прави концепт и за тоа како може проектот што го изработуваме да биде имплементиран во општеството, што често и се случува. Професорите секогаш се на располагање и имаме добра комуникација со нив, што е многу важно за нас студентите - вели студентка од Македонија што е тука на постдипломски студии.

Марија Матиаки, раководителка на секторот за студентски услуги, вели дека најважно е студентот да се насочи на вистински пат кон тоа што го сака и да биде мотивиран да прави истражувања и проекти и тоа што го научил на предавањата да го применува понатаму во кариерата.

- Тоа што го прави еден студент успешен и способен да се искачи високо на скалата за вработување е да биде комплетен поединец, во смисла на комуникациски способности, почитување на колегите и на различностите. Мислам дека ова се едни од најважните особености што можат да помогнат да се остварат нивните цели во поглед на вработување и кариера - вели Матиаки.

### ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ НАДВОР ОД ПРЕДАВАЊАТА

За високите стапки на вработување на студентите што завршиле на овој колеџ, Ана Сотириаду, деканка на одделот за компјутерски науки, вели дека активностите надвор од наставата се многу важни.

- Од првиот ден им даваме дополнителни активности надвор од предавањата. Не ги насочуваме студентите кон високи оцени туку кон учење вештини за решавање одредени проблеми, што и се очекува од еден студент кога ќе се вработи. Тие ќе научат преку истражување и практична работа да ги решаваат проблемите, а не преку учење само теорија - вели Сотириаду.



## Пешевски и Костуранов магистрирале на „Шефилд“

Пред петнаесет години се запишале првите Македонци на „Шефилд сити колеџ“ на програмата за постдипломски студии. Меѓу групата студенти што магистрирале на насоката бизнис, бил и вицепремиерот на Македонија, Владимир Пешевски, како и Оливер Костуранов, претседател на бордот на „Телеком Македонија“. Дел од дипломците на колеџот се и Драгана Чифлиганец и Димитар Никушев, а од „Шефилд сити колеџот“ велат дека поголемиот дел дипломирани и магистрирани Македонци, како и студентите од другите земји, денес се успешни бизнисмени, политичари, министри.

Многубројните акредитации и соработката со многу познати компании го ставаат овој колеџ меѓу најуспешните во Југоисточна Европа. Грегори Дикеос, директор за регрутација, вели дека најдобар резултат се постигнува ако предавањата се насочени кон студентот, а не кон професорот.

- Квалитетно предавање единствено може да се постигне ако групите немаат повеќе од 25 студенти. Веруваме дека само во мали групи може да се постигне целта на предавањето и студентите вистински да научат нешто. На колеџот учат студенти од 25 националности, а во текот на студиите е овозможена, меѓу другото, и практика во Велика Британија секоја година - дополнува Дикеос.

marta.t@novamakedonija.com.mk